# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ БР. 8 ГОДИНА 2018

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ FACULTY OF LAW 2018**

(провизорна верзија –да не се цитира)


**За издавачот:**
Проф. Д-р Јован Ананиев

**Издавачки совет Editorial Board**
Проф. Д-р Блажо Боев prof. Blažo Boev, Ph.D
Проф. Д-р Лилјана Гудева – Колева prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Проф. Д-р Јован Ананиев prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**Меѓународен програмски комитет International Editorial Board**
Проф. Д-р Јован Ананиев Prof. Jovan Ananiev, Ph. D
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија University Goce Delcev – Stip, Macedonia
проф. д-р Јадранка Денкова Prof. Jadranka Denkova, Ph. D
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија University Goce Delcev – Stip, Macedonia
Проф. Д-р Жан Пол Ленер Prof. Jean Paul Lehners, Ph. D
Универзитет на Луксембруг, Луксембург University of Luxembourg, Luxembourg
Проф. Д-р Аленка Верболе Prof. Alenka Verbole, Ph. D
Универзитет на Љубљана, Словенија University of Ljubljana, Slovenia
Проф. Татјана Петровна Суспицина Prof. Tatjana Petrovna Suspicina, Ph.D
Московска Правна Академија, Русија Moscow State Law Academy, Russia
Проф. Габриела Белова Prof. Gabriela Belova, Ph.D
Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ South West University “Neofit Rilski”
Бугарија Bulgaria

**Редакциски одбор Editorial Staff**
Проф. д-р Јован Ананиев prof. Jovan Ananiev, Ph.D
доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Доц. д-р Борка Тушевска Ass. Prof. Borka Tushevska

**Главен уредник Managing editor**
Проф. д-р Јован Ананиев prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Одговорен уредник Editor in chief**
Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska

**Јазично уредување Language editor**
Даница Гавриловска-Атанасовска Danica Gavrilovska-Atanasovska
(македонски јазик) (Macedonian language)

**Техничко уредување Technical editor**
Славе Димитров Slave Dimitrov
Благој Михов Blagoj Mihov



**Редакција и администрација Address of the Editorial office**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип University Goce Delcev – Stip
Правен факултет Faculty of Law
ул. „Крсте Мисирков“ бб ul.”Krste Misirkov” BB PO.BOX 201
п. фах 201, 2000 Штип PO. Box 201, 2000 Stip
Р. Македонија R. of Macedonia

**СОДРЖИНА:**

**АПАСИЕВ Димитар**
*ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА РЕФЕРЕНДУМОТ ЗА Т.Н. ПРЕСПАНСКИ ДОГОВОР МЕЃУ РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА И „ВТОРАТА СТРАНА“, CASE STUDY, стр. 5*

**АТАНАСОВСКА-ЦВЕТКОВИЌ Анета**
*ПРИКАЗ НА ЗАКОНОТ ЗА АДВОКАТИТЕ ЗА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ОД 1929 ГОДИНА, стр. 19*

**БЕЛОВСКИ ВОЈО**
*ДИРЕКТОР И РАБОТНИОТ ОДНОС, стр.29*

**ГАБЕРОВ Марјан**
*УБИСТВО ПРИ ВРШЕЊЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, стр.41*

**ЈОСИФОВИЌ Ивица**
*ПРАВНИОТ И ФАКТИЧКИ КОНТЕКСТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА – АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈОТ ОГЊАНОВ , стр. 46*

**КОШЕВАЛИСКА Олга, АПАСИЕВ Димитар и МАКСИМОВА Елена**
*НАЧЕЛОТО НА ЗАКОНИТОСТ – НУЖЕН КОРЕКТИВ ПРОТИВ, АРБИТРЕРНОСТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СТР. 54*

**ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ Димитар, ТАСЕВ Донче и СТОЈАНОВСКИ Страшко**
*НАЦИОНАЛНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ВО ОДНОС НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ, стр. 70*

**МАЏОВСКИ Марјан**
*ОТВОРЕНОСТ НА ПАРЛАМЕНТИТЕ И ПАРЛАМЕНТАРНИ КАНАЛИ - ПЕРСПЕКТИВИ НА СОБРАНИСКИОТ ТВ КАНАЛ, стр. 87*

**МАЏОВСКИ Марјан**
*УЛОГАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕНАТА НА ВЛИЈАНИЕТО И ОЦЕНКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА, стр. 97*

**МАЈХОШЕВ Андон, ЏАМТОСКА Сузана и МАЈХОШЕВ Дарко**
*ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА ВО МЕДИУМИТЕ (ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ), Стр. 108*

**МАРОЛОВ Дејан и МАКСИМОВА Елена**
*МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО СВЕТОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, стр. 118*

**НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА АНА**
*ДОГОВОРОТ ОД ПРЕСПА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО, стр.124*

**ТОДОРОВА Билјана и БЕЛОВСКИ Војо**
*ОДНОСОТ МЕЃУ ТРУДОВОТО И СОЦИЈАЛНОТО ПРАВО СО ОСВРТ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРАВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, стр. 128*

**ТОДОРОВА Билјана и РАДУЛОВИЌ Македонка**
*ОМБУДСМАНОТ И ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, стр. 137*

[13] European Court of Human Rights, Judgment of the Court, Application no. 17120/09, Dhahbi v. Italy, 8 April 2014;

[14] Mancini, G.F., (2000), *“Democracy and Constitutionalism in the European Union: Collected Essays”*, Oxford, Hart;

[15] Rules of Procedure of the Court of Justice of 25 September 2012, OJ L 265, 29 September 2012, as amended on 18 June 2013, OJ L 173, 26 June 2013, and on 19 July 2016, OJ L 217, 12 August 2016.

**КОШЕВАЛИСКА Олга**
**АПАСИЕВ Димитар**
**МАКСИМОВА Елена**

**УДК: 343.131:341.24**
**343.131:341.645**
**343.131(497.7)**

## НАЧЕЛОТО НА ЗАКОНИТОСТ – НУЖЕН КОРЕКТИВ ПРОТИВ АРБИТРЕРНОСТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**Апстракт:** Секој национален казнено правен систем е базиран на извесни принципи, кои се плод на неговата правна традиција и кои се оформени врз основа на карактеристиките на правниот и општествено политичкиот систем на државата. Оттука, содржината на правните начела е нераскинливо поврзана и зависна од политичкото уредување и границите на арбитрерност и ограничување на фундаменталните човекови права. Во оваа смисла, кривичното право и кривичната постапка отсекогаш биле зависни од развитокот на политичкиот систем, па оттука и од начелата на казненото право можеме да оцениме дали еден политички систем е арбитререн или либерален. Современите начела се цивилизациска придобивка од развојот на кривично правната теорија и пракса. Во овој коавторски труд ќе направиме обид да го анализираме начелото на законитост, неговиот историски развиток, неговата имплементација во меѓународните инструменти, во Меѓународниот кривичен суд како и меѓународните ad hoc трибунали, Европскиот суд за човекови права, како и правните последици кои се резултат на неговата примена. Посебен осврт ќе дадеме на начелото на законитост во македонското позитивно казнено право. Имено, принципот на законитост е темелна вредност, човеково право, но и фундаментален принцип во казненото законодавство. Согласно ова основно начело – нема кривично дело и нема санкција без претходна законска одредба: *Nullum crimen, nulla poena sine lege,* што всушност преставува гарнација за човековата слобода. Начелото на законитост ги штити граѓаните од арбитрерноста на државните органи, од незаконитото мешање, но има за цел и да осигури правичност и транспарентност на судските власти.

**Клучни зборови:** *законитост, кривично дело, кривична постапка, ретроактивност, кривичен суд*

**KOSHEVALISKA Olga**
**APASIEV Dimitar**
**MAKSIMOVA Elena**

## THE PRINCIPLE OF LEGALITY –

## COMPULSORY CORRECTION AGAINST ARBITRERNEST OF THE STATE AUTHORITIES IN CRIMINAL PROCEDURE

**Abstract:** The principle of legality is a core value, a human right but also a fundamental standard in Criminal law prosecution according to which no crime or punishment can exist without a legal ground. *Nullum crimen, nulla poena sine lege* is in fact a guarantee of human liberty; it protects individuals from state abuse and unjust interference, it ensures the fairness and transparency of the judicial authority. Every national legal criminal system is based on certain principles that are fruit of the legal tradition of that nation and they are formed according to the characteristics of the legal system and socio-political order. Therefore, their content is inevitably dependent on the political order in the state and the limits of its authoritarism and the limitation of fundamental human rights. In this sense, the criminal law and procedure are always dependent on the evolution of the political order and by this means that from the content of the principles one can see if the criminal legal system is rigor or liberal. These principles are the civilization benefit of the development of the criminal law theory and practice. In this paper we will give an effort to analyze the principle of legality, its historical development, its implementation in international instruments, in the International Criminal Court as well as international *ad hoc* tribunals, the European Human Rights Court and the legal consequences that result from its application. We will give special consideration to the principle of legality in the Macedonian criminal legislation.

**Key words:** *legality, crime, criminal procedure, retroactivity, criminal court*

### *Вовед: Начелото на законитост во казненото законодавство*

*Summum ius, summa iniuria*

*Најмногу права,најмногу неправда!*

*(Cicero – De Officiis, I,10,33)*

Казненото право се заснова на определени начела кои се плод на правната традиција, цивилизациските придобивки во развојот на науката и кои се обликувале согласно карактеристиките на правните системи и општествено-политичките уредување. Нивната содржина, неминовно, е зависна од правно политичкото уредување во државата и границите на нејзината авторитарност и ограничување на основните човекови права. Во таа смисла, **кривичното право** и казнената постапка секогаш се во зависност од еволуцијата на државното уредување и строгоста, односно либералноста на пенитенцијарниот систем.[121]

**Правните начела** може да ги дефинираме како *апстрактни норми* кои се изведени како резултат на генерализација на серија на поединечни норми, а кои важат за сите случаеви кои се опфатени со таа серија на поединечни норми.[122] Тие важат за институт со кој генерално се утврдува формата или начинот на постапување во кривичната постапка, како и текот на самата постапката. Во таа смисла, во кривично-процесната теорија начелата се однесуваат како на постапувањето, така и на субјектите кои учествуваат во него. Основните начела ја претставуваат базата врз која се градат сите односи во кривичното и кривично-процесното право. Затоа и од содржината на самите начела се определува демократичноста на казнениот систем на државата.

**Начелото на законитост** е едно од стожерните, т.е фундаментални начела во казненото право. Општественото значење на начелото на законитост во кривичното право произлегува од

[121] Олга Ѓуркова, *Казнената постапка за коруптивните кривични дела во Римското право*, Алфа 94, Скопје, 2010, 59.

[122] Никола Матовски, Гордана Бужаровска и Гордан Калајџиев, *Казнено процесно право*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2009, 51.

определбата на правната наука, од една страна, и од законодавецот, од друга страна, дека со вака предвиденото начело се обезбедува *правната сигурност* на граѓаните. На секој човек и граѓанин му се обезбедува доволна и квалитетна гаранција за заштита на неговата личност, а особено правната заштита на неговата слобода. Слободата се штити од секаква арбитрерност, самоволие и од неодреденоста на казните. Да се штити слободата од секоја арбитрерност и самоволие значи да се штити една важна морална вредност на граѓанинот како поединец! Во философско-правната аксиологија, добро е познато дека слободата на индивидуата, после правото на живот, претставува втора по важност човекова вредност. Дотолку повеќе што граѓанинот без слобода, de iure и de facto, се ограничува во остварувањето на другите со устав и закон гарантирани права и слободи.[123]

Познатиот кривичар М. Шкулич експлицитно се изјаснува против била каква релативизација на начелото на законитост во националното законодавство, а уште повеќе и во меѓународното кривично право. Тој нагласува дека ниту декларативното уставно и законско одредување на начелото на законитост, само по себе, нема да биде доволно за зачувување на **правната сигурност** и за обезбедување на стабилноста на крвичното законодавство на една правна држава, ако се дозволи со помош на соодветни нормативни подигрувања да се изигра овој принцип. Тој неколкукратно апострофира дека е особено важно доследно да се почитува начелото на законитост во неговата изворна форма и дека секоја негова релативизација нужно доведува до голема опасност на сметка и на правната сигурност, но и на слободите и правата на човекот и граѓанинот.[124]

### *I. Историско-правен осврт на начелото на законитост*

Римското право (Ius Romanum) се смета за „родител“ на сите базични принципи на правото,[125] па така и на принципот на законитост, кој, додуша во една рудиментирана форма, може да се препознае уште во времето на **Цицерон**. Врз основите кои ги има поставено римскиот ретор Цицерон,[126] подоцна во времето на Просветителството и на доктрините на општествениот договор ќе се надгради принципот *nullum crimen, nulla poena sine lege previa*.[127] Во современа смисла, овој принцип започнува по завршувањето на Втората светска војна (1945) и конституирањето на меѓународните кривични трибунали во Нирнберг и Токио.[128]

Со оглед на фактот дека во битието на ова начело е содржан поимот законитост, како синоним на ова начело во правната терминологија се употребува и терминот – **начело на легалитет**,[129] што сметаме дека е повеќе поради асоцирање кон неговиот назив на англиски (*legality*), односно латински термин (*lex/leges*). Во својата изворна форма начелото на легалитет

---

[123] Осман Кадриу, *Кривично правното начело на законитост како фундаментално начело на правниот систем на Република Македонија*, Европско право бр. 2/14, Скопје, 2014, 125.

[124] M. Škulić, *Načelo zakonitosti u krivičnom pravu*, Anali Pravnog fakulteta u Beogradu, 1/10, Beograd, 2010, 103–104.

[125] Olga Kosevaliska, Gordana Buzarovska - Lazetik and Lazar Nanev, The “Extension” of the Roman Criminal Law in Today’s Macedonian Criminal Laws, Mediterranean Journal of Social Sciences, MCSER Publishing - 6 (2), Rome, 2015, 318–323.

[126] H. Jerome, *General Principles Of Criminal Law*, The Lawbook Exchange, New Jersey, 2005, 28–32. Види го и трудот на Димитар Апасиев, *Цицерон – најречитиот од потомците на Ромул (II)*, Годишен зборник на Правниот факултет при УГД, Vol VI, Штип, 2016, 17–33.

[127] Иако најпознати преставници на овие движења се Монтескје и Бекарија, сепак кованицата *nullun crimen, nulla poena sine lege* му се припишува на Фоербах.

[128] Iulia Crisan, *The principles of legality “nullum crimen, nulla poena sine lege” and their role*, Effectius Newsletter, Issue 5, 2010; и Bineet Kedia: *Nullum crimen sine lege in international criminal law: myth or fact?*, International Journal of International Law, Vol. 1, Issue 2.

[129] Кадриу, op. cit.

потекнува и се заснова врз основа на познатата максима во кривичното право: Nullum crimen sine lege – nulla poena sine lege stricta,[130] за чијашто историја ќе пишуваме подолу во овој труд. Врз основа на ова позната римска правна максима јасно произлегува дека нема кривично дело без закон, а нема ни казна без закон! Формулацијата *nullum crimen sine lege – nulla poena sine lege* за прв пат се применува во германската правна литература, а ја воведува и употребува германецот Фоербах.[131] Согласно ова начело, законодавецот е обврзан на јасна определеност на законските битија и јасно определување на кривичните санкции.

### *II. Начелото на законитост во меѓународното право*

Начелото nullum crimen, nulla poena sine lege во меѓународното казнено право се јавува во малку поинаква формулација, адаптирана на изворите и природата на **меѓународното казнено право** и тоа како: *Nullum crimen sine iure*.[132] Очевидни се следниве две разлики: Прво – меѓународните инкриманции не се содржани во закони, туку во конвенции, па дури и во непишани меѓународни обичаи кои во меѓународното право го имаат истото значење што во националното право го има законот; Второ – меѓународните забрани не можат да ја содржат и казната како последица на повредата на тие забрани и да предвидат нешто повеќе од определбата дека се работи за дело за кое извршителот треба да биде казнет, затоа што меѓународното казнено право не располага со самостоен инструментариум на казни и други санкции, туку упатува на казнените системи на одделните држави.

Доследната примена на ова начело на планот на меѓународното казнено право, инаку е инспирирано со духот на заштита на универзалните слободи и права и други вредности, предизвикува определена внатрешна тензија во конфронтација со фактите на непостоење целосен систем на меѓународни казнено правни норми од материјална и од процесна природа, на механизми за нивна директна примена итн. Овие тензии се оправдуваат (но, само делумно) со објаснување дека нормативниот недостаток може да се компензира со „постојните универзални стандарди на хуманоста“ и со „општите начела на признати од меѓународната заедница.“[133] Во оваа смисла се и бројните критики упатени на **Нирнбершкиот процес**, кој колку и да се чини правичен, сепак бројни правници го оценуваат како неправеден токму поради ретроактивната примена на меѓународните казнено правни забрани. За ова подолу во овој труд.

### 1. Начелото на законитост и меѓународните инструменти

#### *а) Универзалната декларација за човекови права и начелото на законитост*

Генералното собрание на Обединетите нации ја усвои *Универзалната Декларација за човекови права* (10 декември 1948 год.)[134] која се прокламира како „заеднички стандарт за сите народи и нации и чувар на човековите права“. Токму за оваа цел, да биде „чувар на човековите права“ во истата е содржана експлицитна одредба [член 11, став 2) за **забрана на ретроактивното дејство** на законите. Во оваа смисла во чл. 11 од истата е предвидено:

---

[130] „Нема кривично дело, нема казна без јасен закон“. Види: Силвија Пановиќ – Ѓуриќ, *Речник кривичноправних појмова*, Београд,1995, 85.

[131] Наведено кај: Јован Проевски, *Кривичен законик (објаснение, коментари и судска практика)*, Академик, Скопје, 1998, 15. За ова види подолу во овој труд, во поглавјето „Историско-правен осврт на начелото на законитост“.

[132] Владо Камбовски, *Меѓународно казнено право*, 1998, 299.

[133] Камбовски, op. cit., 299.

[134] *Универзалната декларација за правата на човекот* е усвоена и прокламирана од Генералното собрание на ОН со Резолуцијата 217А(III) од 10.XII.1948.

*1. Секој обвинет за кривично дело има право да се смета за невин се додека врз основа на законот, вината не се докаже на јавен претрес на кој му се обезбедени сите гаранции потребни за негова одбрана.*

*2. Никој не смее да се смета за виновен за кое и да е кривично дело поради дејство или пропуст кои не претставуваат кривичо дело по националното или меѓународното право во времето кога се извршени. Исто така, не смее да се изрече потешка казна од онаа која се применувала во времето кога е извршено кривичното дело.*

### *б) Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и начелото на законитост*

*Меѓународниот пакт за граѓански и политички права* (1966)[135] за разлика од Универзалната декларација за човекови права, има **обврзувачка правна сила** врз земјите членки на ОН. Во оваа смисла, државите-потписнички се обврзани да му поднесуваат извештаи на Комитетот за мерките кои ги имаат усвоено во согласност со Пактот, односно со кои се спроведуваат неговите одредби, но и за прогресот кој го имаат направено за уживање на основните права и слободи.[136] Со чл. 15 од овој меѓународен инструмент е предвидено дека:

*1. Никој нема да биде сметан за виновен за сторување или несторување кои не претставувале кривично дело според домашното или меѓународното право во времето кога биле извршени. Исто така, нема да биде изречена некоја потешка казна од онаа која можела да биде применета во моментот кога кривичното дело било извршено. Ако подоцна, по извршувањето на делото, со законска одредба биде предвидена примена на поблага казна со престапникот ќе се постапува според неа.*
*2. Ништо во овој член не е против судење и осуда на секој поединец поради дејствија или пропусти кои во времето кога се извршени се сметани за кривични дела според општите правни начела признати од страна на меѓународната заедница.*

Неограничената примена на оваа гаранција е апострофирана и во чл. 4 на МПЃПП во кој се предвидени исклучоци од Пактот во случај на **вонредна јавна опасност** која го загрозува опстанокот на една нација.[137] Дури и во случај на ваква опасност, одредбата од чл.15 а во врска со начелото на законитост, не може да биде дерогирана! Мораме да нагласиме дека прифаќањето и ратификувањето на МПГПП значи и негово целосно инкорпорирање во националните казнени системи, што значи дека со чл. 15, ст.2 се прифаќаат како извор на казненото право и

---

[135] *Меѓународниот пакт за граѓански и политички права* е усвоен и отворен за потпишување и ратификување или пристапување со Резолуцијата 2200 A(XXX) на Генералното собрание на ОН од 16.XII.1966, а стапи во сила на 23.III.1976 год.

[136] Оваа обврска од чл. 40 на МПГПП државите треба да ја исполнат: (а) во рок од една година, сметајќи од денот на стапувањето во сила на овој Пакт за секоја заинтересирана држава договорничка посебно; и (б) а потоа, секогаш кога Комитетот тоа го бара.

[137] Член 4 од МПГПП: „Во случај кога опстанокот на нацијата го загрозува вонредна јавна опасност, која е прогласена по официјален пат, државите договорнички на овој Пакт можат да преземат, во обем строго одреден од барањата на ситуацијата, мерки со кои ќе се укинат обврските предвидени со Пактот, доколку тие мерки не се неспоиви со другите обврски кои им ги наметнува меѓународното право и доколку со себе не повлекуваа дискриминација заснована на раса, боја на кожа, пол, јавна вероисповед или општествено потекло [ст.1]. Претходната одредба не дава овластување за какво и да е отстапување од членовите 6,7,8 (став 1 и 2), 11, 15, 16 и 18 [ст.2]. Државите договорнички на овој Пакт кои го користат правото на укинување, со посредство на Генералниот секретар на ОН, ќе ги известат другите држави договорнички за одредбите кои ги укинале, како и за причините што ги навеле на тоа. Ново известување ќе биде извршено на ист начин оној ден кога ќе биде окончано ова укинување“ [ст.3].

меѓународните норми кои имаат карактер на императивни *ius cogens* норми и според кои националното законодавство не е еднистевно или последно рамниште за оценка на забранетоста на делото.[138]

***в) Европската конвенција за човекови права и начелото на законитост***

*Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи* (1950) е регионален и мултилатерален меѓународен договор врз основа на кој државите членки на Советот на Европа се обврзуваат дека ќе им ги обезбедат основните граѓански и политички права, не само на нивните државјани, туку исто така и на сите лица под нивна надлежност. Конвенцијата, која беше потпишана на 4-ти ноември 1950 година во Рим, влезе во сила во 1953 год. Во истата, во чл. 7, е инкорпорирано начелото на законитост и издигнато на ранг на **човеково право**:

*Нема казна без закон*[139]

*1. Никој не може да биде осуден за дело сторено со чинење или нечинење кое според внатрешното или меѓународното право, во моментот на извршувањето, не претставувало кривично дело. Исто така, изречената казна не може да биде потешка од онаа што се применувала во моментот на извршувањето на кривичното дело.*

*2. Овој член не влијае на пресудата или казната за лице кое е виновно за чинење или нечинење, ако тоа дело во моментот на извршувањето претставувало кривично дело според општите правни начела признати од цивилизираните народи.*[140]

## 2. Почитувањето на начелото на законитост од меѓународните кривичните трибунали основани по Втората светска војна и постојаниот Меѓународен кривичен суд (т.н. Римски статут)

Во правната теорија и наука има невоедначени ставови за почитувањето на начелото на законитост од страна на **меѓународните кривични трибунали** основани по завршувањето на Втората светска војна (трибуналите во Нирнберг и Токио), како и од страна на ad hoc трибуналите за бивша Југосавија, Руанда и Сиера Леоне.[141] Не станува збор за целосно непочитување на ова начело, туку за неговиот втор дел: nulla poena sine lege – нема казна без закон.

---

[138] Види: Камбовски, op. cit., 316.

[139] Овој текст на Европската конвенција ги содржи измените согласно одредбите на *Протоколот број 14* (CETS № 194) кој стапи на сила на 1 јуни 2010 година, иако во Службен весник на Република Македонија не е објавен пречистен текст на Конвенцијата. Текстот на Конвенцијата претходно беше изменет согласно со одредбите од *Протоколот број 3* (ETS № 45), кој стапи на сила на 21 септември 1970; потоа со *Протоколот број 5* (ETS № 55), кој стапи на сила на 20 декември 1971; и со *Протоколот број 8* (ETS № 118), кој стапи на сила на 1 јануари 1990, а го содржи и текстот на *Протоколот број 2* (ETS № 44) кој согласно чл. 5, ст.3 претставува интегрален дел на Конвенцијата од неговото стапување на сила на 21 септември 1970. Сите одредби кои се изменети или додадени со овие протоколи беа заменети со *Протоколот број 11* (ETS № 155), од датумот кога истиот стапи на сила: 1 ноември 1998. Од оваа дата, *Протоколот број 9* (ETS № 140), кој стапи на сила на 1 октомври 1994, беше укинат, а *Протоколот број 10* (ETS № 146) стана беспредметен.

[140] Преводот на Конвенцијата и Протоколите на македонски јазик е преземен од Сл. весник на РМ, 11/1997 и 30/04, 30/05.

[141] Види повеќе кај W. Shabas, *The International Criminal Tribunals: The Former Yugoslavia, Rwanda and Sierra Leone*, Cambridge, 2006.

**Судењето во Нирнберг** започнало на 20 ноември 1945-та, а завршило на 1 октомври 1946 год. Самата *Нирнбершка повелба* била извор на правото што требало да го применува Трибуналот. На судењето на големите нацистички воени злосторници има бројни критики упатени на адреса на судот, а врзани токму за начелото на законитост и правните последици кои произлегуваат од него. Главни аргументи се дека Трибуналот применувал закони ex-post facto, особено во врска со кривичното дело „злосторства против мирот“[142] кое се однесуваа на инкриминирање на чинот на започнување или учество во војна,[143] и со ова го прекршил принципот nullum crimen sine lege. Со Повелбата на Нирнбершкиот трибунал е предвидено дека тој е надлежен да изрече казна кон обвинетиот, и тоа смртна или друга казна која ќе биде определена како праведна, што значи дека се доведува во прашање принципот „нема казна без закон“! Приговорот на одбраната дека Повелбата содржи казнени одредби со ретроактивно дејство, со кои според тоа се повредува темелното начело на законитост, е одбиен со аргументот дека делата што се во надлежност на Судот претставуваат казниви дела и според казнените законодавства на државите во кои се извршени.

Судењето на најголемите воени злосторници во Нирнберг беше репер за дотогашната пракса во примената на правилата – како од материјален, така и од процесен карактер. Оттаму се јавила потреба да се формулираат некои основни принципи кои произлегуваат од ова судење кои би служеле како водич во некои евентуални идни судења. Формулирањето на принципите било доверено на Обединетите нации. Генералното собрание на ОН за тоа ја задолжила Комисијата на ОН за меѓународното право, со својата *Резолуција број 177 (II)* од 21 ноември 1947 год. По долг труд, што укажува на важноста на ова прашање и вниманието посветено на него, Комисијата ги објавила овие принципи во Извештајот на работата на Комисијата од 5 јуни до 29 јули 1950 год. Со *Статутот на Меѓународниот воен суд* и со неговите пресуди, формулирани се **општите начела** на меѓународното кривично право (МКП):

> *I принцип: Секое лице кое ќе стори дело кое според меѓународното право се смета за злосторство, е одговорно и подложно на казни.*
> *II принцип: Фактот дека меѓународното право не пропишува казни за дела кои според меѓународното право се сметаат за злосторства, не го ослободува лицето кое сторило дело, од одговорност според меѓународното право.*
> *III принцип: Фактот дека лицето кое извршило дело кое според меѓународното право се смета за злосторство, тоа дело го сторило во вршењето на должноста како шеф на државата или одговорно лице, не го ослободува тоа лице од одговорност според меѓународното право.*
> *IV принцип: Фактот дека лицето постапувало по наредба на власта или по наредба на претпоставениот, не го ослободува од одговорноста според меѓународното право, под услов да имало можност за морален избор.*
> *V принцип: Секое лице кое е обвинето за злосторство според меѓународното право има право на правично судење засновано на фактите и на правото.*
> *VI принцип: Со овој принцип се предвидени злосторствата кои се казнуваат како злосторства според меѓународното право.*[144]

---

[142] Член 6 (а) од *Повелбата од Нимберг,* достапна на http://www.un.org/en/genocideprevention/documents/atrocitycrimes/Doc.2_Charter%20of%20IMT%201945.pdf.

[143] Повеќе кај: Tove Rosen (ed.), *The Influence of the Nuremberg Trial on International Criminal Law*, достапно на https://www.roberthjackson.org/speech-and-writing/the-influence-of-the-nuremberg-trial-on-international-criminal-law/ [последен пристап: 11.IX.2018].

[144] Види: *Text of the Nürnberg Principles Adopted by the International Law Commission*, во UN Document достапен на: http://legal.un.org/ilc/documentation/english/a_cn4_l2.pdf [последен пристап: 15.XI.2018]; Воислав Василески, *Меѓународно хуманитарно право*, Скопје, 2002, 517; и K. Obradović, M. Šahović i M. Despot, *Međunarodno humanitarno pravo: razvoj – primena – sankcije*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2002.

По Нинбершкиот тибунал, не останаа имнуни на критики и последователните **ad hoc трибунали** за воените злосторства против човечноста сторени на територија на бивша Југославија (во понатамошниот текст: ICTY), Руанда и Сиера Леоне. Во оваа смисла, за ICTY, Стојановиќ смета дека е неприфатливо да се сфати флексибилно начелото на законитоста во меѓународното кривично право „како nullum crimen sine iure“, туку напротив, истите изречни и строги принципи кои што важат за националното казнено право треба да се применуваат и во меѓународното. Притоа, истакнува дека мора да постои соодветен меѓународно правен акт во смисла на nullum crimen sine actu, кој што би го прифатиле сите држави бидејќи *Статутот на Меѓународниот кривичен суд*, и покрај тоа што претставува одреден напредок, не ги исполнува строгите кривично правни стандарди кои се поставени со принципот на законитост.[145]

Павловиќ укажува дека од работата и надлежноста на **ICTY**[146] и од постапките кои се водат пред истиот,[147] како и од активноста на постојаниот Меѓународен кривичен суд (Римски статут) се заклучува дека е се поголем бројот на кривични дела на кои се признава статус ius cogens, па дури и дека постои адаптација на начелото на законитост во „начело на правичност“, односно во начело кое е најблиску до правичноста, т.е. *начелото на материјална правда*[148] – како што го нарекува Антонио Касезе.[149]

Во **Римскиот статут**,[150] со кој е основан Меѓународниот кривичен суд, начелото на законитост е предвидено во членовите 22, 23 и 24:

*Nullum crimen sine lege*[151]

> *1. Според овој Статут, никој не е кривично одговорен за дело кое кога било извршено не било кривично дело во надлежност на Судот.*
>
> *2. Толкувањето на дефиницијата на кривичното дело ќе биде стриктно и не смее да се проширува со аналогија. Во случај на двосмисленост, дефиницијата ќе се толкува во корист на лицето кое е под истрага, односно кривично гонето или осудено.*
>
> *3. Овој член нема да влијае врз инкриминација на било кое однесување како кривично дело според меѓународното право, независно од овој Статут.*

---

[145] Z. Stojanović, *Međunarodno krivično pravo*, Pravna knjiga, Beograd, 2012, 22–23.

[146] За начелото на законитост и овој суд види повеќе во Iulia Crisan, *The principles of legality "nullum crimen, nulla poena sine lege" and their role*, Effectius Newsletter, Issue 5, 2010.

[147] Види подетално кај D. Radulović, *Legality and Legitimacy of the Tribunal for the Prosecution of Persons Supposed to be Responsible for Serious Violations of the International Humanitarian Law Committed in the Territory of Former Yugoslavia (The Hague Tribunal)*, Facta Universitatis Series: Law and Politics, Vol. 1, No 4, Niš, 2000.

[148] A. Casese, *The Statute of the International Criminal Court: Some Preliminary Reflections*, European Journal of International Law, No. 10/1999 [целосен линк на: http://ejil.oxfordjournals.org/].

[149] Антонио Касезе (1937–2011) е прviот претседател на Меѓународниот кривичен трибунал за бивша Југославија и првиот претседател на Меѓународниот кривичен суд за злосторствата во Либан, професор по меѓународно кривично право на Универзитетот во Пиза, Универзитетот во Фиренца и на Правниот факултет во Оксфорд, и автор на книгата *International Criminal Law*, Oxford University Press, London, 2003.

[150] *Римскиот статут*, со кој е основан Меѓународниот кривичен суд, е донесен на 17 јули 1998, а стапи на сила на 1 јули 2002 год. Целосниот текст на англиски е достапен на линкот: https://www.icc-cpi.int/nr/rdonlyres/ea9aeff7-5752-4f84-be94-0a655eb30e16/0/rome_statute_english.pdf. Римскиот Статут е ратификуван од Р. Македонија со *Законот за ратификација на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд* (Сл. весник на РМ - 12/2002 од 16.II.2002).

[151] Член 22 од Римскиот Статут.

*Nulla poena sine lege*[152]

*Лицето кое е осудено од страна на Судот може да биде казнето само во согласност со овој Статут.*

*Ratione personae неретроактивност*[153]

*1. Никој, според овој Статут, не може да биде кривично одговорен за дело сторено пред да стапи Статутот во сила.*

*2. Во случај на измени на законот кој се применува на определен предмет, пред изрекување на конечната пресуда, ќе се примени оној кој е поповолен за лицето кое е под истрага, односно кривично гонето или осудено.*

### 3. Принципот на законитост пред Европскиот суд за човекови права (Стразбур)

Од анализите кои се направени на законодавствата на земјите на европско тло, генералниот заклучок е дека сите го имаат инкорпорирано и надградено принципот на законитост во своите национални законодавства.[154] Истиот принцип се има најдено и како предмет на одлучување пред **Европскиот суд за човекови права**[155] и тоа во случајот *Kokkinakis v Greece* (25 мај 1993),[156] каде што ЕСЧП јасно утврдил дека само со закон може да се предвиди одредено дејствие да преставува кривично дело и само со закон може да се предвиде казната за кривично дело, напоменувајќи дека одредби кои се недоволно прецизни можат да го повредат овој принцип. Дотолку повеќе, овој Суд ја има востановено и обврската на државите да водат сметка за принципот на законитост во врска со кривичните дела и кривичните санкции кога ќе ги применуваат Европските директиви во нивното национално законодавство – случаи: *X, Joined Cases 74/95* и *C–129/95*.[157]

## *III. Начелото на законитост во Македонското казнено законодавство*

Во нормативниот дел на **Уставот на РМ** (1991)[158] е предвидено дека: „Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била утврдена казна“ [чл 14, ст.1 од УРМ]. Недоследноста во оваа уставна одредба, каде освен закон е предвидено дека казнено дело може да се инкриминира и со „друг пропис“ ја елиминираме, земајќи ги предвид останатите одредби на Уставот (чл. 13 – презумпцијата на невност; чл.98, ст.2 – извори на правото за судовите; и чл. 8 – темелни вредности

[152] Член 23 од Римскиот Статут.

[153] Член 24 од Римскиот Статут.

[154] Iulia Crisan, *The principles of legality "nullum crimen, nulla poena sine lege" and their role*, Effectius Newsletter, Issue 5, 2010.

[155] Официјален сајт на Европскиот суд: https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=home [последен пристап: 15.IX.2018]

[156] *Kokkinakis v. Greece* (3/1992/348/421), Council of Europe: European Court of Human Rights, 19 April 1993, достапно на: http://www.refworld.org/cases,ECHR,3ae6b6ff4.html [последен пристап: 13.IX.2018].

[157] Повеќе на http://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&num=C-74/95 [последен пристап: 16.IX. 2018].

[158] *Уставот на Република Македонија* е донесен на 17.XI.1991 година и, заедно со *Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ*, е објавен во Сл. весник на РМ - 52/1991.

на уставниот поредок) каде е јасно дека само законот, може да биде извор на кривичното право, а не и останатите прописи и подзаконски акти.[159]

Во **Кривичниот законик на РМ** (1996)[160] е предвидено дека: „На никого не може да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело кое, пред да е сторено, не било со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на РМ, определено како кривично дело и за кое не била пропишана казна со закон“ [чл. 1 од КЗ на РМ].

Во казненото процесно законодавство, пак, во **Законот за кривична постапка** (2010)[161] е предвидено дека: „Овој закон ги утврдува правилата со кои се овозможува правично водење на кривичната постапка, така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка“ [чл. 1 од ЗКП].

Согласно горенаведеното, кривичните дела и кривичните санкции може да се пропишат само со закон или со *меѓународен договор* ратификуван во согласност со закон! Правниот мотив за оваа последица е да се заштитат луѓето од самоволието на носителите на политичка или некоја друга моќ или власт, затоа што кривичните закони со санкциите што ги предвидуваат засегаат во најважните, највредните, најчуствителните добра на човекот: неговиот живот, слободата, имотот, честа и сл.[162] Законот, како највисок нормативен акт по уставот, се донесува во сложена постапка, со учество на бројни субјекти, со претходни дебати, анализи и сл. – што дава најголеми гаранции за тоа дека ќе се инкриминира само она што е нужно и ќе се одмери само санкција која е правична и која одговара на стореното злодело. Начелото на законитост доби силен удар од еден „несреќен“ обид **Правилник** (како подзаконски акт) да биде извор на кривичното право!?[163] Брзајќи да се тргне етикетата за „незаконско законодавство“ се направи уште посериозен упад во автономијата на судското одлучување и уште повеќе удар врз начелото на индивидуализација на казната со донесувањето на *Законот за одредување на видот и одмерување на висината на санкцијата* (2014)[164] – кој, за среќа, е укинат со одлука на Уставниот суд.[165]

### 1. Последици од инкорпорирање на начелото на законитост во нашиот казнен систем

Се поставува прашањето кои се последиците од инкорпорирањето на ова начело во нашиот казнен систем? Како „последици“ на начелото на законитост ги наведуваме следниве:

[159] За ова види повеќе кај В. Камбовски, *Коментар на Кривичниот законик*, Матица, Скопје, 2011, 56–74; и кај Ѓорѓи Марјановиќ, *Македонско кривично право – Општ дел*, Скопје, 1998, 39.

[160] *Кривичен законик на РМ* (Сл. весник на РМ - 37/1996 и 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14). Види и *Одлуки на Уставниот суд на РМ*: У. бр. 220/2000 (30 мај 2001 – Сл. весник на РМ 48/01); У. бр. 210/2001 (6 февруари 2002 – Сл. весник на РМ 16/02); У. бр. 206/2003 (9 јуни 2004 – Сл. весник на РМ 40/04); У. бр. 228/05 (5 април 2006 – Сл. весник на РМ 50/06); У. бр. 169/2016 (16 ноември 2017 – Сл. весник на РМ 170/17).

[161] *Закон за кривична постапка* (Сл. весник на РМ - 150/10 од 18.11.2010).

[162] Ѓорѓи Марјановиќ и Методија Каневче, *Македноско кривично право – општ дел*, Просветно дело, Скопје, 2010, 52.

[163] Притоа, не беше проблематична само правната сила на донесениот подзаконски акт, туку и самата постапка за донесување на истиот. Целата постапка се покажа доста контроверзна и придонесе на површината да испливаат многу факти за начинот на функционирање на нашата правна држава и на најзасегнатата од сите – судската власт.

[164] *Сл. весник на РМ - 199/2014.*

[165] Повеќе кај: Гордана Бужаровска – Лажетиќ, Олга Кошевалиска и Лазар Нанев, *Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика*, Зборник на научни трудови од Втората научна меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет при УГД, Штип, 2015.

**а) Законодавецот треба да го инкриминира само она што е нужно.** На овој начин се избегнуваат сите недоумици дали и што е забрането и каква правна последица го погаѓа сторителот, доколку стори одредено поведение што преставува кривично дело.[166] Оваа последица е јасно наведена во чл 2 од КЗ: „Основа и граници на кривично-правната принуда“

> *Заштитата на слободите и правата на човекот и на другите основни вредности и применувањето на кривично-правната принуда кога е во мера во која тоа е нужно за спречување на општествено-штетни дејствија, претставуваат основа и граница за определување на кривичните дела и пропишување на кривичните санкции.*

**б) Законските битија мора да бидат точно, едноставно и јасно определени** и сите елементи на едно кривично дело да бидат точно прецизирани, објавени и пишани (nullum crimen sine lege certa, stricta et scripta). Ова значи дека со законските одредби е неминовно, на јасен и прецизен начин, да се одредат законските битија и елементите на кривичните дела кои имаат значење и се однесуваат на *забрана на примена на аналогија* како начин на утврдување на казнено правните одредби! Оваа правна последица, бројни кривичари ја поврзуваат со уставната одредба од чл.8 ст.2 од Уставот на РМ согласно која: „слободно е сè што со Уставот и законите не е забрането“. Оттука, при инкриминирање на поведенијата како кривични дела, законодавецот не треба само да го инкриминира даденото поведение, туку и детално да ги прецизира сите негови конситутивни обележја. Затоа што, ако тоа не е случај, по природата на нештата, таа задача ќе треба да ја завршат судовите, а тоа значи дека *судската практика* ќе биде извор на правото (fontes iuris) – што е во апсолутна спротивност со начелото на законитост.[167] Пропишувањето на нејасни и прешироки законски забрани би значело дека законодавецот му го препушта на судот определувањето на границата меѓу казнивото и неказнивото, а таквата постапка би водела кон *правна несигурност*.[168] Казнените норми мора да бидат едноставни, јасни, разбирливи и објавени – што значи дека кривичните дела и кривичните санкции може да се пропишуваат само на едноставен јазик – разбирлив за сите граѓани, но таквата едноставност не може да биде на штета на прецизноста и јасноста на една казнена одредба. Одредбите треба да се апсолутно прецизни и јасни за секој граѓанин да може да има најелементарна свест кое поведенеие е во судир со законот. Мораме да апострофираме дека има одредени диспозиции во казнените инкриминации кои му пркосат на ова начело, а тоа се: простите, описните, упатувачките и *бланкетните диспозиции*.[169] Оваа последица знае да биде некогаш и на штета на општествениот интерес, во смисла што се можни две подеднакво штетни крајности: едната, во настојување законодавецот да биде попрецизен да се впушти во казуистика – голо набројување на серија неповрзани случаи на казнени поведенија; Другата крајност – во настојување да избегне казуистика, да заплива во водите на висока генерализација, што резултира со т.н. *каучук параграфи*[170] или воопштени, неопределени одредби, кои судот може да ги употребува по свое наоѓање (на пример поимот „благородни“ во чл.124 од КЗ, или „други полови дејствија“ од чл.186 од КЗ и сл.). И на крај, последниот услов се однесува на објавувањето или *обнародувањето* на законите кое се врши преку Сужбениот весник на РМ.[171] Со последново се исклучува примената на обичајното право како извор на правото.[172]

---

[166] Така и В. Камбовски, *Казнено право – општ дел*, Скопје, 2006, 161.

[167] Марјановиќ и Каневчев, op. cit., 62.

[168] Така и Камбовски, op. cit., 161.

[169] За ова види повеќе во Марјановиќ и Каневчев, op. cit., 62–63.

[170] Марјановиќ и Каневчев, op. cit., 64.

[171] Согласно чл. 4 од *Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“* (Сл. весник на РМ - 56/1999 и 43/02).

[172] Bruno Vekarić, *Specifičnosti tretmana ratnih zločina u međunarodnom i nacionalnom krivičnom pravu* (докторска дисертација), Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 2016, 162.

**в) Точно определување на казните и другите кривични санкции за секое дело** (nulla poena sine lege) кое, како важен атрибут на начелото на законитоста, значи дека само со закон може да се пропишат системот на санкциите и распонот помеѓу нив. Оддамна е надминат ставот на апсолутно определени казни (случајот за францускиот револуционерен КЗ од 1791 година, кој што бил на штета на друго основно начело на казненото право, а тоа е начелото на индивидуализација на казните). Кај нас е прифатен системот на *релативно определени казни* кој не е во спротивност со начелото на законитост, оти во КЗ се пропишани и општиот минимум и општио максимум на казните. Системот се реализира така што за секое кривично дело има рамковна казна во која е пропишан нејзиниот минимум и максимум; или пак само е наведен нејзиниот максимум (во овој случај законски минимум е општиот минимум предвиден во КЗ – на пример: кога казната е парична казна или затвор до 3 години – тогаш минималната затворска казна е 30 дена); или, пак, е предвиден законскиот минимум, а не и горната граница (во кој случај највисока казна може да биде казната доживотен затвор – на пр. во чл.123 казната е најмалку 5 години – што значи дека максимумот е 20 години затвор, но бидејќи во овој случај не е исклучена и казната доживотен затвор, може да се изрече и казна од 40 години затвор). Под законски определени услови дозволено е *пречекорување на долната граница* на законски пропишаната казна, но никако и на горната граница, а исто така во законски определени случаи предвидено и е ослободување од казна.[173]

**г) Забрана за ретроактивно дејство на законот** (nullum crimen sine lege praevia) кое правило, во буквална смисла на зборот, значи дека спрема сторителот на делото се применува оној закон кој бил во правна сила во времето кога кривичното дело е сторено, освен ако новиот закон е поблаг за сторителот. Како *време кога е извршено* едно кривично дело, КЗРМ го определува времето кога сторителот работел или бил должен да работи, без оглед кога настапила неговата последица.[174] Врз сторителот на казненото дело се применува законот што важел во времето на извршувањето на казненото дело! Уставот на РМ забранува законодавецот да усвојува закони со ретроактивно дејство,[175] при што забраната се однесува не само на пропишување на казнени дела – туку и на пропишување или проширување на претпоставките за казнивоста, пропишување нови видови или поострување на казните, другите санкции или правните последици на казненото дело со ретроактивни последици. Судот не смее да го примени законот врз дело извршено пред неговото влегување во сила! Исклучок од забраната за ретроактивно дејство на законот сепак постои, но само во случаи кога ретроактивноста е врзана за *поблаг закон* од законот кој важел во време на извршување на кривичното дело. Услови за применување на подоцнежниот поблаг закон се: (1) дејствието да претставува казнено дело според законот што важел во времето на неговото извршување; (2) по извршувањето на казненото дело, да стапил во сила нов закон; (3) подоцнежниот закон да е поблаг за сторителот; и (4) новиот поблаг закон да стапил во сила пред или во времето на пресудувањето.[176] Законската одредба за задолжителна примена на поблаг кривичен закон гласи [чл. 3]:

*Задолжително применување на поблаг кривичен закон*

> *(1) Врз сторителот на кривично дело се применува законот што важел во времето на извршувањето на кривичното дело.*
>
> *(2) Ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.*
>
> *(3) Ако со овој закон е пропишана нова алтернативна мерка, мерка на безбедност или воспитна мерка, таа може да се изрече само ако одговара на некоја порано пропишана мерка и ако не е понеповолна за сторителот.*

---

[173] Член 42, 43 и 43-а, КЗРМ.

[174] Член 30, КЗРМ.

[175] Член 52, ст.4 од УРМ.

[176] Марјановиќ, op. cit., 57–62.

**д) Законито постапување на државните органи и на службените лица.** Оваа последица е повеќе предуслов одошто последица, затоа што залудна е примената и почитувањето на начелото на законитост во услови на незаконито постапување на државните органи. Сите *надлежни органи* во кривичната постапка се должни да го применуваат и почитуваат казненото законодавство без никакви исклучоци! Примената на законот да биде неселективна, без позитивна или негативна дискриминација по било каков основ. Оваа правна последица од инкорпорирањето на начелото на законитост во материјалното и процесното законодавство е тесно врзана и со *начелото на легалитет на казненото гонење*[177] и го врзува обвинителот да поведе постапка секогаш кога ќе се утврдат основи на сомневање дека одредено лице сторило некое конкретно кривично дело.[178] Конечно, начелото на законитост би останало празна декларација ако не постојат законски механизми за ефикасно гонење и казнување на злоупотребите кои надлежните органи евентуално би ги сториле. Таков инструмент – освен можноста од разрешување од јавнообвинителската и судската функција – се инкриминациите од поглавјето на *кривичните дела против службената должност и овластувања* од КЗРМ. Казнените одредби треба доследно и без исклучок да се применуваат, а тоа е можно само истовремено со важење на начелото на тријалистичка поделба на власта, односно во услови на департизирана полиција, независно и департизирано јавно обвинителство и независно и самостојно судство![179] Слобода во судското одлучување мора да се гарантира, но истовремено мора да постојат и вградени инструменти за спречување на судиското самоволие и арбитрарност, особено кога станува збор за слабо потковани и корумптивни судии.

**ѓ) Забрана на аналогија како начин на утврдување на делата**[180] (nullum crimen sine lege stricta). Под аналогија се подразбира примена на една законска одредба врз ситуација што во неа не е предвидена, но е *слична* со предвидената. Две појави се слични кога меѓусебе се совпаѓаат во повеќе својства или особини, а се разликуваат во едно или повеќе битни својства или особини. Примената на законот по пат на аналогија е облик на судско овластување за креирање на казнено-правни забрани, т.е. признавање на судот на улога на законодавец.[181] Примената на аналогија претставува негација на начелото на законитост, односно одредувањето на казненото неправо треба да биде во исклучителна надлежност на законотворецот! Овој метод на создавање и примена на правото е карактеристичен за авторитарното казнено право, каде законодавецот му признава на судот креативна улога во создавањето на нови казнени дела. Во правната теорија има два типа аналогија: (1) *законска аналогија* која подразбира проширување на примената на постојните одредби од казненото право врз слични случаи; и (2) *правна аналогија* која за појдовна основа не ја зема сличноста со некое казнено дело предвидено со законот, туку оцената за недозволениот карактер на едно дејствие според основните начела на казненото право. Исклучувањето на аналогијата е можно со инкорпорирање на начелото на законитост или со внесување посебна одредба за забрана за аналогија. Согласно македонското казнено материјално законодавство забрането е создавање по пат на сличност/аналогија на: ново казнено дело; нови основи на казнена одговорност и казнување на сторителот; нов вид казна или друга казнено-правна санкција; или, пак, поострување на казната надвор од законски утврдените максимални граници.

---

[177] Исто и Камбовски, op. cit., 163–164.

[178] Ова, меѓудругото, е и основ за разрешување на јавен обвинител, доколку не поведе кривична постапка за дело за кое се гони по службена должност (ex officio) и за која што постапка се исполнети сите законски услови предвидени во ЗКП.

[179] Камбовски, op. cit., 164.

[180] Аналогијата (per analogiam) е дозволена во казненото процесно законодавство, но не и во материјалното.

[181] Во системите во кои функционира *прецедентното право* (case law) како извор на казненото право, примената на аналогија не само што е дозволен – туку е и неизбежен метод на правораздавање и создавање на правото од страна на судот.

**е) Рестриктивно толкување на Кривичниот законик и почитување на принципот „ако се сомневаш, биди поблаг“** (in dubio pro libertate). Казненото законодавство може единствено да се толкува рестриктивно! *Екстензивното толкување* не е соодветно на духот на казненото право, ниту на целта на законодавецот. Максимата in dubio pro libertate е консеквенца на уставното начело на приоритет на човековите права и човековата слобода, наспроти чиновничките овластувања на државата.

### ***З а к л у ч о к***

Начелото на законитост е едно од стожерните, т.е. фундаментални начела во казненото право. Неговото општественото значење е неспорно, а од неговата правилна имплементација зависи и правната сигурност на граѓаните. Да се штити слободата од секоја арбитрерност, самоволие значи да се штити една важна морална вредност на граѓанинот како поединец. Во правната теорија и наука има невооедначени ставови за почитувањето на начелото на законитост од страна на кривичните трибунали основани по завршувањето на Втората светска војна (трибуналите во Нирнберг и Токио), како и од страна на ад хок трибуналите за бивша Југосавија, Руанда и Сиера Леоне. Во трудов заклучивме дека доследната примена на ова начело на планот на меѓународното казнено право, инаку е инспирирано со духот на заштита на универзалните слободи и права и други вредности, предизвикува определена тензија во конфронтација со фактите на непостоење целосен систем на меѓународни казнено правни норми од материјална и од процесна примена, како и на механизми за нивна директна примена. Овие тензии се оправдуваат (но, само делумно) со објаснување дека нормативниот недостаток може да се компензира со „постојните универзални стандарди на хуманоста“ и со „општите начела на признати од меѓународната заедница“. Во оваа смисла, бројни се и правните критики упатени кон т.н. Нирнбершки процес, кој колку и да се чини правичен, сепак бројни и угледни правници го оценуваат како неправеден, токму поради ретроактивната примена на меѓународните казнено правни забрани. Од анализите кои се направени на законодавствата на земјите на европско тло, генералниот заклучок е дека сите го имаат инкорпорирано и надградено принципот на законитост во своите национални законодавства, вклучувајќи ја тука и Република Македонија.

## БИБЛИОГРАФИЈА:

### Книги и статии


*Bineet Kedia: *Nullum crimen sine lege in international criminal law: myth or fact?* International Journal of International Law: ISSN: 2394-2622 (Volume 1 Issue 2).

Buckland, W.W, McNair, A. (1952). *Roman law & common law: A comparison in Outline*. CUP Archive.

Burdick, W.L. (1938). *The principles of Roman law and their relation to modern law,* New York.

Casese, A., (1999), *“The Statute of the International Criminal Court: Some Preliminary Reflections”*, European Journal of International Law, No. 10/1999, http://ejil.oxfordjournals.org/.

Cassese, A., (2003), *International Criminal Law*, Oxford University Press, London.

Iulia Crisan (2010): *The principles of legality “nullum crimen, nulla poena sine lege” and their role,* Effectius Newsletter, Issue 5.

Jerome, H. (2005). *General Principles Of Criminal Law.* The Lawbook Exchange, New Jersey, Edition II.

Kokkinakis v. Greece, 3/1992/348/421 , Council of Europe: European Court of Human Rights, 19 April 1993, available at: http://www.refworld.org/cases,ECHR,3ae6b6ff4.html.

Kosevaliska, Olga and Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar (2015) The “Extension” of the Roman Criminal Law in Today’s Macedonian Criminal Laws. Mediterranean Journal of Social Sciences MCSER Publishing, Rome-Italy, 6 (2). ISSN 2039-9340 (print) 2039-2117 (online)

Obradović, K., Šahović, M., Despot, M., (2002), *Međunarodno humanitarno pravo: razvoj – primena – sankcije*, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd.

Radulović, D., (2000), *„Legality and Legitimacy of the Tribunal for the Prosecution of Persons Supposed to be Responsible for Serious Violations of the International Humanitarian Law Committed in the Territory of Former Yugoslavia (The Hague Tribunal)“*, Facta Universitatis Series: Law and Politics, Vol. 1, No 4, Niš.

Rosen, Tove [ed.], *The Influence of the Nuremberg Trial on International Criminal Law* достапно на https://www.roberthjackson.org/speech-and-writing/the-influence-of-the-nuremberg-trial-on-international-criminal-law/

Shabas, W., (2006), *The International Criminal Tribunals: The Former Yugoslavia, Rwanda and Sierra Leone*, Cambridge.

Stojanović, Z., (2012), *Međunarodno krivično pravo*, 7 izdanje, Pravna knjiga, Beograd.

*Text of the Nürnberg Principles Adopted by the International Law Commission*, UN document достапен на http://legal.un.org/ilc/documentation/english/a_cn4_l2.pdf.

Vekarić, Bruno (2016): *Specifičnosti tretmana ratnih zločina u međunarodnom i nacionalnom krivičnom pravu*, Pravni fakultet Univerziteta union u Beogradu, докторска дисертација.

Škulić, M., (2010), *„Načelo zakonitosti u krivičnom pravu“*, Anali Pravnog fakulteta u Beogradu, godina LVIII, 1/2010.

*Апасиев, Димитар (2016), *Цицерон – најречитиот од потомците на Ромул (II)*, Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делечев“ – Штип, Vol VI, Штип, 2016.

Бужаровска Лажетиќ Гордана, Олга Кошевалиска и Лазар Нанев (2015) Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика. Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција Општествени промени во глобалниот свет, 03-04 септ. 2015, Штип, 1 (2). ISSN 978-608-244-267-9.

Василески Воислав, *Меѓународно хуманитарно право*, Скопје, 2002.

Ѓуриќ, Силвија Пановиќ, *Речник кривичноправних појмова*, Београд,1995.

Ѓуркова, Олга (2010): *Казнената постапка за коруптивните кривични дела во Римското право*, Алфа 94, Скопје.

Кадриу, Осман (2014): *Кривично правното начело на законитост како фундаментално начело на правниот систем на Република Македонија*, Европско право, Број 2/2014.

Камбовски, Владо (1998): *Меѓународно казнено право*, Скопје.

Камбовски, Владо (2006): *Казнено право - општ дел*, Скопје.

Камбовски, Владо (2011): *Коментар на Кривичниот Законик*, Матица, Скопје.

Марјановиќ, Горѓе (1998) *Македонско кривично право, општ дел*, Скопје.

Марјановиќ, Ѓеорге, Каневчев, Методија (2010): *Македноско кривично право – општ дел,* Просветно дело, Скопје.

Матовски, Никола, Бужаровска, Гордана, Калајџиев, Гордан (2009): *Казнено процесно право,* Правен Факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

Проевски, Јован (1998): *Кривичен законик (објаснение, коментари и судска практика),* Академик, Скопје, 1998.

**Нормативни акти и прописи**

*Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободни* со Протоколот број 14 (CETS no. 194) кој стапи на сила на 1 јуни 2010 година, иако во 'Службен весник на Република Македонија' не е објавен пречистен текст на Конвенцијата. Текстот на Конвенцијата претходно беше изменет согласно со одредбите од Протоколот број 3 (ETS no. 45), кој стапи на сила на 21 септември 1970, Протоколот број 5 (ETS no.55), кој стапи на сила на 20 декември 1971 и Протоколот број 8 (ETS no.118), кој стапи на сила на 1 јануари 1990, го содржи и текстот на Протоколот број 2 (ETS no. 44) кој согласно член 5, став 3 представува интегрален дел на Конвенцијата од неговото стапување на сила на 21 септември 1970. Сите одредби кои се изменети или додадени со овие протоколи беа заменети со Протоколот број 11 (ETS no. 155), од датумот кога истиот стапи на сила: 1 ноември 1998. Од оваа дата, Протоколот број 9 (ETS no. 140), кој стапи на сила на 1 октомври 1994 беше укинат, а Протоколот број 10 (ETS no. 146) стана беспредметен.

*Закон за кривична постапка*, Сл. весник 150 од 18.11.2010.

*Закон за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“*, Сл. весник на РМ бр. 56/99, 43/02.

*Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната (закон вон сила), Сл. весник на РМ бр.199/2014.*

*Закон за ратификација на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд*, Сл. весник 12/2002 од 16.02.2002.

*Кривичниот законик на РМ* (Сл. весник на РМ 37/1996 и 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014).

*Меѓународен пакт за граѓански и политички права*, усвоен и отворен за потпишување и ратификување или пристапување со резолуција на Генералното собрание на ОН 2200 А(XXX) од 16 декември 1966 година.

*Римскиот Статут* со кој е основан Меѓународниот кривичен суд, донесен на 17.07.1998 а стапи на сила на 01.07.2002.

*Универзална Декларација за правата на човекот*, Генерално собрание на ОН – Резолуција 217А(III) на 10 декември 1948.

*Уставен закон за спроведување на Уставот на РМ*, Сл. весник на РМ, бр. 52/1991.